**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Септември 2016 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Септември 2016 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2016 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Септември 2016 година изнесуваат 4.950.403 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 5%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2015 година бележат пораст од 7%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Септември 2016 година изнесуваат 6.331.952 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 3%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2015 година бележат пораст од 5%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Септември 2016 година изнесуваат 4.374.695 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 4%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Септември 2016 година изнесуваат 5.747.386 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 3%.

**Дивиденда**

На 4 април 2016 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2015 година во износ од 329.211 илјади денари односно 230 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда за 2015 година изнесува 207 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Септември 2016 година изнесуваат 546.878 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 30.09.2016 година изнесуваат 565.577 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Септември 2016 година во Алкалоид се реализирани 115 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Септември 2016 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **16/15** |
| Домашен пазар | 1.859.892 | 39 | 1.791.185 | 40 | 104 |
| Странски пазар | 2.928.468 | 61 | 2.701.173 | 60 | 108 |
| **Вкупно:** | **4.788.360** | **100** | **4.492.358** | **100** | **107** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **16/15** |
| **Македонија** | **2.431.754** | **39** | **2.386.458** | **41** | **102** |
| Југоисточна Европа | 2.090.058 | 34 | 2.047.389 | 35 | 102 |
| Русија и други земји во ЗНД | 402.429 | 7 | 360.915 | 6 | 112 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.091.938 | 18 | 989.138 | 17 | 110 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 143.977 | 2 | 88.411 | 2 | 163 |
| **Вкупно странски пазари** | **3.728.402** | **61** | **3.485.853** | **59** | **107** |
| **Вкупно:** | **6.160.156** | **100** | **5.872.311** | **100** | **105** |

Од вкупните консолидирани продажби, 61% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: САД раст од 74%, Русија раст од 12%, Романија раст од 56%, Словенија раст од 17%, Полска раст од 486%, В.Британија раст од 198%, Унгарија раст од 236% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **16/15** |
| Антибиотици | 728.678 | 12 | 730.633 | 12 | 100 |
| ОТЦ препарати | 1.112.632 | 18 | 1.143.140 | 19 | 97 |
| Кардиолошки препарати | 1.098.681 | 18 | 964.596 | 16 | 114 |
| Невролошки препарати | 832.700 | 14 | 799.218 | 14 | 104 |
| Останати линии | 616.932 | 10 | 588.726 | 10 | 105 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **4.389.623** | **71** | **4.226.313** | **72** | **104** |
| Трговска стока | 623.948 | 10 | 639.312 | 11 | 98 |
| Услуги и останати приходи | 38.788 | 1 | 25.495 | - | 152 |
| **Вкупно Фармација** | **5.052.359** | **82** | **4.891.120** | **83** | **103** |
| **Вкупно Хемија** | **203.123** | **3** | **175.414** | **3** | **116** |
| **Вкупно Козметика** | **659.158** | **11** | **620.652** | **11** | **106** |
| **Вкупно Билкарство** | **245.516** | **4** | **185.125** | **3** | **133** |
| **Вкупно:** | **6.160.156** | **100** | **5.872.311** | **100** | **105** |

## Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)

### Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 16/15 |
| Единечна ЕБИТДА | 893.601 | 19 | 811.080 | 18 | 110 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 920.084 | 15 | 841.212 | 14 | 109 |

### Нето добивка

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 16/15 |
| Единечна Нето добивка | 525.612 | 11 | 473.297 | 11 | 111 |
| Консолидирана Нето добивка | 509.357 | 8 | 462.409 | 8 | 110 |